Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 188/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за порталот Press 24, го донесе следново:

# МИСЛЕЊЕ

**Порталот Press 24 не ги почитувал етичките стандарди за отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и со тоа ги нарушил точките 10.4 и 10.5 и член 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 07.08.2023 година од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ пристигна жалба за нарушување на етичките стандарди од страна на порталот Press 24.

Според жалителот, станува збор за коментари на читатели кои содржат „...стравотен говор на омраза под Фејсбук објавата на текстот „Папата: Црквата е отворена за ЛГБТ заедницата“, објавен на 07.08.2023 година. Жалителот нагласува исто така дека порталот не само што не ги промовира човековите права и слободи, туку самиот ги поттикнува кај читателите говор кој не е предвиден како форма на слободата на изразување со Европската конвенција за човекови права и слободи.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, побара одговор на неа од порталот Press 24. Но, порталот не достави одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби, утврди дека жалбата е основана и одлучи дека се прекршено одредбите од точка 10.4 и 10.5 и член 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Беше утврдено дека под текстот „Папата: Црквата е отворена за ЛГБТ заедницата“, објавен на Фејсбук страната на медиумот има голем број коментари кои содржат експлицитен говор на омраза. Инаку, во самиот текст на медиумот нема никакви професионални и етички нарушувања.

10.4. Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

10.5. Во исклучителни случаи на екстремен говор на омраза од поединци или групи, обврска на онлајн медиумот е да ги критикува јавно нивните ставови нагласувајќи ги штетните последици од нив за пошироката заедница и за групите кон кои се изречени.

Член 20.
Одговорност за објавувањето коментари од читатели

20.1. Онлајн медиумот е одговорен и за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари, под новинарските содржини.

20.2. Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

20.3. Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др. Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595